Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-228/1
18-02-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-635/1 од 25.9.2024 година поднесена од против ЈП Национални Шуми – подружница „Бор" Кавадарци, за извршена дискриминација врз основа на род и политичко уверување во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на пол, род и политичко уверување во областа на работата и работните односи сторена од страна на ЈП Национални шуми – подружница „Бор" Кавадарци врз

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-635/1 од 25.9.2024 година, од страна на ( ) за сторена дискриминација врз основа на род и политичко уверување во областа на работата и работните односи, од страна на ЈП Национални шуми – подружница „Бор" Кавадарци.

Во претставката за заштита од дискриминација, подносителката наведува дека од 5.7.2024 година била поставена на работно место самостоен референт и веќе 3 месеци не добивала работни задачи и покрај недостатокот на инженери во наведената подружница. Оттука, во претставката подносителката наведува дека претрпила навреди нанесени врз родова основа, тврдејќи дека има недостаток на инженери и непокриени ШСЕ. Дополнително на ова, подносителката смета дека претрпела дискриминација врз политичка основа, при што наведува дека била раководителка во подружницата во Демир Капија, при што во периодот пред поднесувањето на претставката добила решение за распоредување во оваа подружница без никакво образложение, следствено на што тврди дека не ѝ е достапна редовна линија за патување и стигнување навреме на работното место. Оттука, подносителката смета дека е доведена во ваква фактичка ситуација со цел истата да доведе до отказно решение од страна на работодавачот или пак подносителката да даде отказ.

Во прилог на претставката беше доставено Решението бр. 04-9/863 од 23.9.2024 година со кое подносителката на претставката била распоредена од работно место Самостоен референт за користење, заштита и одгледување на шуми во ПШС „Бор" Кавадарци, на работно место Самостоен референт за користење, заштита и одгледување на шуми во подружница ШС „Демир Капија" во Демир Капија. Во образложението на наведеното решение, наведено е дека ваквата прераспределба е направена согласно потребите за непречено функционирање на работниот процес на ЈП Национални шуми – Скопје и барањето бр. 03-11/606 од 13.9.2024 година од ПШС „Демир Капија" – Демир Капија.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 16.10.2024 година испрати Известување бр. 08-635/4 за произнесување по наводите од претставката до ЈП Национални шуми – подружница „Бор" Кавадарци.

На ден 7.11.2024 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ЈП Национални шуми – подружница „Бор" Кавадарци, како одговор на претставката заведено под арх. бр. 08-635/5.

На почетокот на произнесувањето целосно се отфрлаат наводите за сторена дискриминација, при што образложуваат дека фактичката состојба е како што следи: подносителката на претставката засновала работен однос во подружница „Демир Капија" – Демир Капија на ден 1.8.2018 година на работно место Референт за користење на шуми и дотур, при што се пријавила на јавен оглас за вработување за потребата од шумарски инженер во Демир Капија. Следствено на ова, на 25.5.2023 година, подносителката била распоредена на работно место Референт за приватни шуми во Подружница „Демир Капија". Во продолжение на ова, наведено е дека подносителката била и раководителка на подружницата „Демир Капија" до 3.7.2024 година. Оттука, на наведениот датум, таа била распоредена на работно место Самостоен референт за користење, заштита и одгледување на шуми во подружница „Демир Капија". Согласно претходно наведеното, од страна на ЈП Национални шуми истакнуваат дека подносителката конкурирала на јавен оглас за потреба од шумарски инженер во подружница „Демир Капија", каде како единствена вработена шумарска инженерка вкупно 6 години ги извршувала работните задачи предвидени за ова работно место. Споредбено со ова, во произнесувањето е наведено дека во подружницата „Бор" во Кавадарци, вработени се 11 шумарски инженери од кои 2 се жени, кои ги покриваат сите шумарскостопански единици.

Во однос на прераспоредувањето на подносителката од подружница „Демир Капија" во подружница „Бор" Кавадарци, во произнесувањето е наведено дека истото е направено без претходно поднесено барање од страна на раководителот на подружницата. Оттука, наведено е дека согласно актите на ЈП „Национални шуми" – П.О. – Скопје, распоредувањето на вработените од една во друга подружница се врши по претходно поднесено барање од страна на раководителот на подружницата за потребата од вработен за вршење на работа на одредено работно место, а потоа се врши распоредување од страна на Генералниот Директор, доколку не се загрозува процесот на вршење на дејноста. Согласно претходно наведеното, во продолжение е истакнато дека во конкретниот случај воопшто не било поднесено барање за шумарски инженер, ниту пак во подружницата постоела потреба да подносителката како вработена во подружницата „Демир Капија" и како нејзин раководител, односно стручно лице шумарски инженер кој добро ги познава работите во областа на шумарството знае дека задолжувањето на шумарските инженери со шумскостопанските основи се врши на почетокот на годината и истите одговараат за остварување на производствениот план на истите во тековната година.

Во продолжение на ова, наведено е дека подносителката отпочнала со работа во подружницата „Бор" – Кавадарци на 5.7.2024 година, од што произлегува дека истата веќе има отпочнато со остварувањето на производствениот план во шумскостопанските единици во подружницата „Демир Капија".

Во произнесувањето е истакнато дека во периодот додека подносителката била распоредена во подружницата „Бор" во Кавадарци, таа искористила годишен одмор на нејзино барање во траење од 17 работни дена, искористила боледување во времетраење од 6 дена и отсуство за починат родител во траење од 3 дена, односно вкупно 26 дена во 3-те месеци во кои таа била распоредена во наведената подружница. Дополнително на ова, од страна на ЈП Национални шуми наведуваат дека на подносителката ѝ биле одобрувани отсуства од работа бидејќи често имала потреба да го напушти работното место пред крајот на работното време за нејзини потреби со образложение дека треба да оди на здравствени прегледи.

Во однос на тврдењата дека подносителката трпела навреди на работното место и била изолирана од останатите вработени, од страна на ЈП Национални шуми целосно се отфрлаат ваквите наводи, образложувајќи дека подружницата „Бор" Кавадарци брои 101 вработен, од кои 14 се жени, при што наведуваат дека подносителката воопшто не била изолирана, туку била распоредена во канцеларија со нејзини колеги, дополнително на што наведуваат дека во ниту еден момент подносителката не се обратила до нејзините претпоставени во подружницата во врска со ваквите наводи.

Во однос на враќањето на подносителката во нејзината матична подружница во Демир Капија, во произнесувањето е наведено дека истото се случило на 24.9.2024 година, кога таа добила ново решение за прераспоредување по претходно поднесено барање од подружницата, од причина што во истата подружница подносителката ги извршувала работните задачи од 2019 година па се до 5.7.2024 година, односно цели 6 години како што била вработена како шумарски инженер. Оттука, наведено е дека со нејзиното распоредување од подружница каде што нема ниту еден шумарски инженер (Демир Капија) во подружница со 11 шумарски инженери (Кавадарци), се загрозува вршењето на основната дејност на ЈП Национални шуми, односно стопанисувањето со шумите во подружница Демир Капија.

На крајот на произнесувањето, од страна на ЈП Национални шуми наведуваат дека нејасни се наводите на подносителката за распоредувањето во подружницата во Демир Капија и за последиците кои би дошле наведено во претставката, имајќи го во предвид фактот дека самата подносителка се јавила на јавен оглас за шумарски инженер во таа подружница, и воедно е единствен шумарски инженер во истата, дополнително на фактот дека веќе 6 години ги извршувала работните задачи во таа подружница, при што немала никаков проблем со патувањето и навременото пристигнување на работното место како и во извршувањето на работните задачи.

Во прилог на произнесувањето беше доставена и следната документација:

- Извештај за привремена спреченост за работа од 26.9.2024 до 1.10.2024 година;
- Решение за користење на годишен одмор од страна на подносителката бр. 04-8118 од 10.9.2024 година, за периодот од 12.9.2024 до 16.9.2024 година;
- Решение за користење на отсуство од работа во времетраење од 3 дена поради смрт на родител бр. 04-?
- Решение за распоредување на работно место Самостоен референт за користење, заштита и одгледување на шуми во подружница „Бор" – Кавадарци од 5.7.2024 година, бр. 04-9/475 од 3.7.2024 година;
- Решение за користење на годишен одмор бр. 04-08/103 од 11.7.2024 година, за периодот од 25.7.2024 до 9.8.2024 година;
- Решение за распоредување на работно место Самостоен референт за користење, заштита и одгледување на шуми во подружница „Демир Капија" бр. 04-520 од 24.9.2024 година;
- Решение за распоредување на работно место Самостоен референт за користење, заштита и одгледување на шуми во подружница „Демир Капија" од 1.7.2024 година, бр. 04-9/474 од 3.7.2024 година;
- Решение за распоредување на работно место Референт за приватни шуми во подружница „Демир Капија" од 23.5.2023 година, бр. 04-330 од 29.5.2023 година;
- Договор за вработување на работно место Референт за користење на шуми и дотур во подружница ШС „Демир Капија" – Демир Капија бр. 04-411 од 6.8.2018 година;

На ден 27.11.2024 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителката достави барање за дополнителни информации во кое од подносителката беше побарано да:

- Ги образложи наводите за сторена дискриминација врз основа на нејзината политичка припадност и да ја опише фактичката состојба која подносителката смета дека ја довела до наведениот неповолен третман;
- Да наведе податоци во врска со наводите за родова дискриминација и навредите базирани врз основа на род;
- Имајќи го во предвид фактот дека првично го засновала работниот однос во подружницата „Демир Капија" на ЈП Национални шуми во 2018 година, при што на 5.7.2024 била распоредена во подружница „Бор" Кавадарци, последователно на што на 24.9.2024 година добила решение за распоредување односно враќање во подружницата „Демир Капија", Комисијата побара образложени за наводите за непостоење на редовна линија за патување, односно побара од подносителката да одговори дали станува збор за иста фактичка ситуација и во периодот од 2018 година до јули 2024 година, кога работните задачи ги извршувала во подружницата во Демир Капија;
- На крај, од подносителката беше побарано да наведе компаратор – лице кое се наоѓа во иста или споредлива фактичка ситуација во однос на кое смета дека со нејзе е постапено понеповолно врз основа на нејзиниот пол или политичка припадност.

Поради фактот што на подносителката го примила наведеното барање за информации на 28.11.2024 година и по истекот на зададениот рок не беше испратен одговор на истото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација предметното барање за информации го испрати на електронската адреса на подносителката на 25.12.2024 година. Оттука, подносителката на 27.12.2024 година испрати одговор дека испратила информација на контакт електронската пошта на Комисијата, последователно на што по увид во електронското сандаче, Комисијата ја информира подносителката дека не пристигнал одговор на барањето за информации, поради што ја упати подносителката да ги испрати потребните информации во одговор на даденото известување.

Оттука, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не пристигна одговор сочинувајќи ги потребните информации, следствено на што при одлучувањето, во предвид ги имаше само податоците од претставката, произнесувањето по истата и доказите кои беа испратени во прилог на двата поднесока.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ЈП Национални шуми – подружница „Бор" Кавадарци врз Сузана Филипова, согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа."*

Имајќи го во предвид сето горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за сторена дискриминација врз основа на род и политичко уверување врз имајќи го предвид фактот дека подносителката не ја докажала каузалната врска помеѓу наведените дискриминаторски основи и дејствијата со кои тврди дека била дискриминирана. Дополнително на ова, ценејќи ги доставените докази, Комисијата констатира дека подносителката го засновала својот работен однос во ЈП Национални шуми во Подружница „Демир Капија", Демир Капија, по пријавување на јавен оглас, со тоа што во истата таа подружница нејзиниот работен однос траел од неговото засновање во 2018 година, сè до нејзиното преместување во подружница „Бор" Кавадарци на 3.7.2024 година, последователно на што повторно била распоредена во матичната подружница во Демир Капија на 24.9.2024 година. Во однос на наводите дека поради фактот што подносителката живее во Кавадарци, не ѝ е достапна редовна линија за транспорт до и од работното место, Комисијата побара информација дали и при засновањето на работниот однос во подружницата во Демир Капија станувало збор за иста фактичка ситуација како онаа истакната во наводите од претставката, или станува збор за промена на достапните средства за транспорт од Кавадарци до работното место во Демир Капија. Имајќи го предвид фактот дека и по уредната поштенска и електронска достава, подносителката не достави одговор на оваа информација, дополнително на што и не го образложи дискриминаторскиот основ, односно не достави факти или докази кои го поткрепуваат тврдењето дека таа била дискриминирана на работното место поради нејзиниот род и политичко уверување, Комисијата при носењето на ова Мислење ја ценеше доставената документација од нејзина страна која се состоеше од Решение за распоредување на работно место во подружница Демир Капија од 24.9.2024 година, и остатокот од доставените докази и документација доставени од страна на ЈП Национални шуми, подружница „Бор" Кавадарци.

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција за дискриминација уредена во член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основ на род и политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на ЈП Национални шуми, подружница „Бор" Кавадарци врз

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368; +389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Доставено до:

- ди
- ЈП Национални шуми, подружница „Бор" Кавадарци, ул. „Шишка" бр. 53, 1430 Кавадарци

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk